РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОУ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
Бр. 03-298
16 06 2026 год.
ВАЛАНДОВО

И Јас Сум
Здружение за поддршка и развој

Здружението за поддршка и развој „И Јас Сум“, застапувано од Љубица Стојановска

и

СОУ „Гоце Делчев“ – Валандово, застапувано од директорот Милан Гугицев, потпишуваат:

МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

ЦЕЛ НА СОРАБОТКАТА

- Да се воспостави партнерска соработка помеѓу Здружението за поддршка и развој „И Јас Сум“ и СОУ „Гоце Делчев“ – Валандово, за подготовка и реализација на пилот-програма наменета за средношколците во СОУ „Гоце Делчев“ и нивните родители во учебната 2026/2027 година. Пилот-програмата има за цел да придонесе младите да развиваат критичко размислување, емоционална писменост и вештини за справување со стрес и ризични однесувања, а родителите полесно да препознаваат ризици и да се справуваат со современите психосоцијални предизвици.

ПРЕДВИДЕНИ АКТИВНОСТИ

- Подготовка и реализација на пилот-програмата.
- Организирање на едукативни и развојни активности за учениците и нивните родители.
- Обезбедување услови за реализација на програмските активности.
- Заедничко промовирање и поддршка на програмата.
- Истражување на можности за обезбедување финансиска поддршка на програмата.

ОБВРСКИ НА СТРАНИТЕ

- Здружението ќе ја координира подготовката и реализацијата на програмата, а училиштето ќе обезбеди институционална поддршка и услови за нејзино спроведување во согласност со своите можности.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА СОРАБОТКАТА

- Овој Меморандум важи од неговото потпишување до завршување на активностите предвидени со пилот-програмата за учебната 2026/2027 година, или до негово раскинување со писмено известување од една од страните.

Меморандумот е составен во два еднакви примерока, по еден за секоја страна.

Во Валандово, 16.06 2026 година.

За Здружението за поддршка и развој „И Јас Сум“

Љубица Стојановска

Здружение за поддршка и развој И ЈАС СУМ Неготино

За СОУ „Гоце Делчев“ Валандово

Милан Гугицев

Република Северна Македонија СОУ Гоце Делчев Валандово